# Географска анализа на Русија

Мартин Кироски 9б одд.



# ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА РУСИЈА

Русија се наоѓа во Азија, поточно во Северна, Источна и дел во Централна Азија. На Север, таа излегува на Арктичкиот Океан, а на исток на Тихиот. На запад таа се граничи со Финска, Норвешка, Естонија, Латвија, Литванија, Полска, со овие две се граничи преку Калинградската Област, Белорусија, таму исто се граничи и со Украина. На југ, се граничи со Грузија, Ерменија, Азербејџан, Казахстан, Монголија, Кина, Северна Кореа и Јапонија, додека пак на исток, таа се граничи со Америка, но е одделена преку Беринговиот проток. Целата површина на Русија изнесува околу 17.075.400 км$^2$, што ја прави прва во светот по територија. Таа има скоро два пати поголема територија од Кина, Канада или САД.



# БРЕГОВА РАЗГРАНЕТОСТ НА РУСИЈА

На северниот брег на Русија, таа излегува на Арктичкиот Океан, заедно со Баренцовото Море, Карското Море, Лаптевското Море, Источносибирското и Чукотското Море. Додека пак на исток, таа излегува на Тихиот Океан, заедно со Јапонското, Беринговото и Охотското Море. Едни од поголемите заливи во Русија се: Бајдарачки, Обски, Хатаншки и Јански на север, Анадирски, Пенжински и Шелиховов на исток. Како и заливи, Русија, исто така има и протоци и премини, како што се: Карска Врата, Саниковов, Лаптев, Берингов и Лоптов пр. на север и Татарски на исток. Таа има голем број на полуострови и острови. Некои од полуостровите се: Кола, Канин, Јамал, Гидански, Биранга и Тит – ари на север, а Камчатка на исток. А некои од островите се: Нова Земја, Земја на Франц Јозеф, Северна Земја, Новосибирски, Љаховски и Врангел на север, а Командорски и Курилски на исток.



# РЕЛЈЕФ НА РУСИЈА

Источниот руски релјеф е претежно планински, но западниот дел е низински. Некои нејзини поголеми  планини се: Черски, Колимски, Корјачки и Средишни, во северо – источна Русија и Енисејски, Становојски, Јаблановски и Буреински на југо – исток. Има и низини, како на пример: Западносибирската и Источноевропската на запад, Северносибирската на север, Среднојакутската во средина и многу други. Планината Урал ја дели Русија на Европска и Азијска. Русија има исто така и изобилие на висорамнини: Северната, Привошката и Средноруската на запад, Становојската, Витимската и Алданската на исток, југ и југо – исток и Јукагирската на север. Во Русија има една пустина, наречена Махачкала.





# КЛИМА ВО РУСИЈА

Русија припаѓа на 2 топлински појаси: северниот умерен и северниот студен. Во Русија се присутни 7 типови клими: поларна, супполарна, умерено ладна монсунска, умерено топла монсунска, умерено континентална топла, умерено континентална сува и умерено ладна континентална. Од Арктичкиот Океан, кон неа надоаѓаат океански поларни воздушни маси. Во поцентралните делови на Русија и ширејќи има од 0 – 3000мм годишно количество врнежи. Во Јануари, во северните делови на Русија има од – 20 $^{0}$C – под – 30 $^{0}$C, додека пак во јужните делови има од 0 $^{0}$C – –20 $^{0}$C. Додека пак во јуни по северниот брег има температура од 0 $^{0}$C, а во останатиот дел од Русија има од 20 $^{0}$C – 10 $^{0}$C.

# ХИДРОГРАФИЈА НА РУСИЈА

Русија припаѓа на сливните подрачја на Тихиот и Северниот Леден (Арктички) Океан. Во северо – западниот излез на море, од арктичкиот океан надоаѓаат ладни морски струи, наречени Оја Шио, додека пак од југо – источниот излез на море, од Тихиот Океан, кон Русија се движат топли морски струи наречени Куро Шио. Некои нејзини поголеми реки што се влеваат во Тихиот Океан се: Амур, Шилка, Селемиа и др. А реките кои се влеваат во Северниот Леден Океан се: Хета, Лена, Олељок, Јана и Колима на север, Об, Тобол, Енисеј, Ишим и Ирити на запад, Алдан на исток и Орхан на југ. Таа е држава што исто има и езера, а тие се: Бајкалското Езеро на југ и Ладога, Онешкото, Камското, Рибинското, Горкиевското и Кјубишевското езеро на запад.



# НАСЕЛЕНИЕ ВО РУСИЈА




Русија има 144.526.378 жители и нејзината густината на населеност е околу 8.3 жители на км². Русија е земја во која постојат околу 160 етнички групи кои зборуваат на околу 100 јазици. 142,6 милиони луѓе зборуваат руски, 5,3 милиони зборуваат татарски и околу 1,8 милиони, украински. Рускиот јазик е единствениот официјален државен јазик на земјата.



# ГЛАВЕН И ПОГОЛЕМИ ГРАДОВИ ВО РУСИЈА

Главен град на Русија е Москва со популација од 12.381.000 жители и површина од 2.511 км$^2$. Други поголеми градови во Русија се:

– Сент Петерзбург – 5.282.000 жители и 1.439 км$^2$

– Новосибирск – 1.603.000 жители и 502 км$^2$

– Екатеринбург – 1.456.000 жители и 468 км$^2$

– Долен Новогород – 1.267.000 жители и 460 км$^2$

– Казањ – 1.232.000 жители и 515 км$^2$

– Челјабинск – 1.199.000 жители и 530 км$^2$



# СТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ВО РУСИЈА



Во Русија најзастапени рударски суровини се: бакар, олово-цинк, камен јаглен, боксит, антимон, железо, злато, нафта, манган, платина, хром, титан, гас, термо – електрични централи и хидро – електрични централи. Од полјоделството најмногу се одлгледува: пченица и шеќерна репка, а од сточарството најмногу се одгледуваат крави, риби, овци, свињи и кози. Најзастапени индустрии се: металната индустрија, прехрамбената индустрија, хемиската индустрија, текстилната индустрија, металургијата, целулозата и хартијата и петрохемиската индустрија.



Слика од Москва – главниот град на Русија

# Ви благодарам на вниманието!

Мартин Кироски
martinkiroski10@gmail.com